# PROTECTION OF THE VOTING RIGHT BY THE ADMINISTRATIVE COURT

**Florina Bakievska Andreevska**
Faculty of law "Iustinianus Primus", University "St. Cyril and Methodius" – Skopje, N. Macedonia, florina.bakievska@yahoo.com

**Abstract:** One of the basic human rights provided by the Constitution, as well as other laws and by-laws, is the right of everyone to vote and to be elected. Such a right to vote can be accomplished by a person who meets the condition of legal age and the condition of legal competence, which presupposes the opportunity to enter into social and business relations with other legal and physical entities. Knowledge of the rights arising from the election process allows each participant to be directly involved in making the final decision on the election of the right person who in the coming period will makes and implements decisions of importance to the voter. The analysis of the content of the domestic legislation in this area of living, enables a complete perception of the aspects and the access to the voting right as a very important institute, whose influence covers the entire social, economic and political-legal action. His better knowledge of the voter, ie the elected means aspiration for full realization of above all the personal rights, but also the rights of the collectivity to which he belongs. In the overall election process, the last link for the protection of the voting right is the Administrative Court. Its competence is to act in a procedure for protection of the voting right of the voters. It is in its competence to act upon the filed lawsuits for protection of the voting right of the voters. It takes place in an urgent procedure, and covers all levels of electoral activities until the final completion of the elections and the selection of a candidate/s.
**Keywords:** elections, voting right, electoral process

# ЗАШТИТА НА ИЗБИРАЧКОТО ПРАВО ПРЕД УПРАВЕН СУД

**Флорина Бакиевска Андреевска,**
Правен факултет „Јустинијан Први", Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, РС Македонија, florina.bakievska@yahoo.com

**Апстракт:** Едно од основните човекови права кое е предвидено со Устав, а и со други закони и подзаконски акти, е правото на секого да избира и да биде избран. Вакво избирачко право може да оствари човек кој го исполнува условот на полнолетство и условот на деловна способност, што претпоставува можност да стапува во социјални и деловни односи со останатите правни и физички субјекти. Познавањето на правата кои произлегуваат од изборниот процес на секој учесник му овозможуваат непосредно да биде вклучен во носењето на крајната одлука за избор на вистинската личност која во наредниот период ќе донесува и спроведува одлуки од значење за избирачот. Анализата на содржината на домашната легислатива од оваа област на живеење, овозможува целосно согледување на аспектите и пристапот кон избирачкото право како многу значаен институт, чие влијание го опфаќа севкупното општествено, економско и политичко-правно дејствување. Неговото подобро познавање за избирачот, односно избраниот значи стремеж кон целосно остварување пред сé на личните права, но и правата на колективитетот на кого припаѓа. Во севкупниот избирачки процес, последна алка за заштита на избирачкото право е Управниот суд. Неговата надлежност е да постапи во постапка за заштита на избирачкото право на избирачите. Во негова надлежност е постапување по поднесените тужби за заштита на избирачкото право на избирачите. Истото се одвива во итна постапка, а ги опфаќа сите степени на избирачки дејствија до конечно завршување на изборите и избор на кандидат/и.
**Клучни зборови:** избори, избирачко право, изборен процес

## 1. ВОВЕД

Избирачкото право и неговата заштита е од големо значење за секој полнолетен граѓанин, односно за секое деловно способно лице. Тоа значи дека само оние лица на кои им е одземена деловната способност немаат избирачко право. Истото како правен институт е загарантирано со Уставот на нашата држава, како највисок правен акт кој го прокламира како еднакво политичко и граѓанско право за сите , а кое се остварува на избори преку тајно гласање (член 22). Но, не само Уставот, и многу други закони и подзаконски прописи посветуваат големо внимание и детално проучување на ова право. За да се смета дека избирачкото право е

во целост остварено и обезбедено, нашиот законодавец предвидел начини и околности кога граѓанинот може да бара негова заштита. Така, покрај останатите институции и тела во целокупната постапка на реализација на избирачкото право, како последна инстанца е и Управниот суд (а во одредени случаи предвидени со закон и Вишиот управен суд). Истиот како дел од судската власт ја врши својата функција на целата територија на државата, а меѓу останатото, важна надлежност е токму решавањето за законитоста на поединечните акти донесени во изборна постапка, односно надлежност да одлучува за заштита на избирачкото право на поединецот. Ваквата заштита се однесува на сите поединечни одлуки што се донесуваат во изборниот процес при избор на претседател на државата, пратеници во Собранието, градоначалници во општините и членови на советите во општините. Од тие причини многу е важно да се познаваат одделните законски одредби кои упатуваат на заштита на правата на човекот и граѓанинот односно заштитата на избирачкото право на граѓаните.

## 2. МАНИФЕСТНИ ОБЛИЦИ НА ЗАШТИТАТА НА ИЗБИРАЧКОТО ПРАВО ПРЕД УПРАВЕН СУД

Избирачкото право на граѓаните како едно од основните човекови права пред се е регулирано со одредбите на Изборниот законик, каде точно е предвидена целата постапка пред органите и телата кои го спроведуваат изборот. Но, не така ретка е појавата кога во процесот на избори, што е предмет на овој труд, се јавуваат прекршување на законски одредби и права на избирачот. Од тие причини законодавецот предвидел заштита на избирачкото право пред судски орган односно пред Управниот суд.

Анализата на содржината на стручна правна литература, како и закони и други прописи што ја регулираат оваа област, се единствен извор за согледување на реалната состојба и правна регулација на избирачкото право, но и негова заштита пред Управниот суд.

Заштитата на избирачкото право пред Управниот суд се појавува низ неколку облици во зависност од стадиумот на сторената повреда:

**- Член на изборен орган -** прв и основен чекор во заштитата на избирачкото право е ограничувањето на одредени лица да не можат да бидат членови на општинската изборна комисија, Изборната комисија на градот Скопје и избирачкиот одбор, односно, помеѓу останатите, Изборниот законик пропишува дека лицата дел од стручната служба во Управниот суд не може да ја вршат надлежноста член на изборен орган. (член 18 став 2 од ИЗ).

**- Одлучување на Државната изборна комисија-** многу значаен чекор во заштитата на избирачкото право е можноста да се обжалат одлуките на Државната изборна комисија кои се носат со мнозинство гласови од вкупниот број членови на комисијата. Според Законот, членовите може да гласаат „за“ или „против“ одредени одлуки, но не може да се изјаснат како „воздржани“. Во случај тие да се воздржани се смета дека гласале „против“. Но, Изборниот законик предвидува дека доколку станува збор за предлог-одлука која се однесува на интереси на немнозинската заедница пред да се пристапи кон гласање за истата било кој член на Државната изборна комисија може да побара од неа по истата да одлучува со консензус. Во ваков случај предлог-одлуката ќе се достави до правната служба на разгледување со цел истата да даде стручно мислење и препорака. Доколку членот на Државната изборна комисија кој припаѓа на немнозинската заедница, односно членовите на комисијата имаат спротивставено мислење, ќе се советуваат со правната служба во рок од еден работен ден од поднесување на барањето до Државната изборна комисија да одлучува со консензус. Сите членови со спротивставено мислење во рок од два работни дена ќе предложат дополнета и образложена одлука која за да се смета за донесена мора да биде изгласана со консензус од страна на комисијата. Доколку во предвидениот рок од два работни дена не биде постигнат консензус и не е изгласана одлуката може да се поведе управен спор со тужба пред Управен суд. Против одлуката на Управниот суд дозволена е жалба до Вишиот управен суд (член 31 став 2 т.34 од ИЗ).

- **Проверка на податоците во избирачкиот список -** со проверката во избирачкиот список, всушност, започнува непосредното вклучување на граѓаните во изборната постапка. Согласно Изборниот законик сите граѓани можат да извршат увид во изводот од Избирачкиот список во текот на целата година. Истото може да се врши преку службените простории на подрачните одделенија на Државната изборна комисија, дипломатско-конзуларните простории, односно конзуларните канцеларии, но и преку интернет. Доколку при увидот се утврди дека лицето не е запишано, или дека е потребно дополнување или бришење на податоци, лицето поднесува барање кон кое приложува и соодветна документација. Во рок од три дена од денот на приемот на истото, Државната изборна комисија одлучува со решение почитувајќи го Правилникот за методологија за целосен пристап, вршење промени и бришење на податоци во Избирачкиот список. Против решението на Државната изборна комисија, граѓанинот може во рок од три дена од приемот да поведе управен спор пред Управен суд по кој судот решава во рок од три дена од денот приемот на тужбата.

Решението на Управниот суд кое е правосилно е основ за запишување, промена и бришење на податоците во Избирачкиот список. Исто право имаат и државјаните на РМ кои се на привремена работа или престој во странство, на тој начин што барањето со соодветната документација го доставуваат по електронска пошта преку дипломатско-конзуларните простории, односно конзуларните канцеларии до Државната изборна комисија или пак директно до комисијата. Тужбата против решението на комисијата тие можат да ја поднесат по електронска пошта преку дипломатско-конзуларните простории, односно конзуларните канцеларии до Управниот суд или пак директно до Управниот суд. На овој начин, заштитено е правото секому да избира и/или да биде избиран (член 48 од ИЗ);

**- Јавен увид во Избирачкиот список -** следното право е содржано во обврската на Државната изборна комисија најдоцна во рок од 15 дена од денот на распишувањето на изборите да го стави Избирачкиот список на јавен увид во подрачните одделенија и месните канцеларии и истиот трае 20 дена. Во рок од пет дена од денот на завршувањето на јавниот увид избирачкиот список комисијата го доставува до политичките партии. Истите во рок од пет дена од денот на приемот на избирачкиот список доставуваат до комисијата барање за запишување, дополнување или бришење на податоци по што Државната изборна комисија носи решение во рок од три дена од денот на приемот на барањето. Против донесеното решение дозволено е поднесување на тужба до Управниот суд во рок од 24 часа од приемот на решението, по што во ист рок од 24 часа Управниот суд е должен да одлучи (член 49 а од ИЗ);

**- Промена на податоците во Избирачкиот список и пријава за гласање -** не така ретко, може да настанат неусогласености во избирачкиот список со фактичката состојба на избирачот во однос на некои генералии (име, презиме, датум на раѓање...и слично). По поднесеното барање за запишување, дополнување или бришење на податоците во Избирачкиот список, како и по поднесената пријава за гласање на изборите одлучува Државната изборна комисија во рок од 24 часа од денот на приемот на барањето, односно пријавата. Доколку е донесено решение со кое се одбива барањето може да се поднесе тужба во рок од 24 часа од приемот на решението до Управен суд по електронски пат. Управниот суд решава во рок од 24 часа по приемот на тужбата и веднаш ја доставува до тужителот по електронски пат. Правосилното решение на судот е составен дел на потпишаниот Избирачки список. Всушност, заклучениот избирачки список ги содржи податоците за оние граѓани чии барања се позитивно решени од Државната изборна комисија и Управниот суд (членовите 51,52 и 53 од ИЗ);

**- Предлагање на кандидати -** надлежноста на Управниот суд се проширува и во однос на прашањето на прием на листата на кандидат, односно кандидати Државната изборна комисија, односно Општинската изборна комисија или Изборната комисија на градот Скопје ја испитува листата дали е составена согласно Изборниот законик и дали е поднесена во предвидениот рок. Во случај на утврдени неправилности подносителот на листата може да го замени предложениот кандидат со нов во рок од 48 часа. Листата која е изготвена согласно одредбите на Изборниот законик и поднесена во утврдениот рок, односно листата во која подносителот ги отстранил неправилностите ќе ја потврди Државната, односно општинската изборна комисија, односно Изборната комисија на градот Скопје со решение. Поднесената листа пак кај која подносителот не ги отстранил неправилностите и пропустите судот ќе ја отфрли со решение во рок од 24 часа од приемот на листата. Против донесеното решение на Општинската изборна комисија, односно Изборната комисија на градот Скопје може да се поднесе тужба до Управниот суд во рок од 24 часа од приемот на решението. И против решението на Државната изборна комисија тужба се поднесува преку Државната изборна комисија до Управниот суд во рок од 24 часа од приемот на решението. Управниот суд е должен да одлучи во рок од 24 часа од приемот на тужбата (член член 67 став 7,8 и 9 од ИЗ);

**- Изборна кампања -** водењето на изборна кампања ги опфаќа сите јавни настани кои ги организира учесникот во изборната кампања, сите јавни собирања, истакнување на плакати на јавни места, видео презентации, изборно медиумско претставување, изборно интернет претставување, дистрибуирање на печатени материјали, јавно претставување на потврдените кандидати од надлежните изборни органи, но и нивните програми. 20 дена пред одржување на изборите (во првиот и во вториот круг на гласање) започнува изборната кампања, но истата не смее да трае 24 часа пред денот на изборите, како и на денот на изборите. Во случај на непочитување на овие одредби од Изборниот законик, подносител на листа, односно кандидат може да поднесе приговор. По истиот должна е Државната изборна комисија да донесе одлука и да ја образложи истата во рок од 72 часа од неговото поднесување. По донесената одлука подносителот на приговорот може да поведе управен спор со тужба до Управен суд во рок од 48 часа од приемот на одлуката по која Управниот суд е должен да одлучи во рок од 72 часа по приемот на тужбата (член 69 а од ИЗ);

**- Одлучување на Државна комисија за спречување на корупција -** ова е многу значајно прашање за одржување на демократски избори, со цел сузбивање односно спречување на коруптивни активности за време на одржување на изборната кампања во целина. Доколку во периодот по распишување на изборите, но

до завршување на истите, се преземаат дејствија кои се забраните во текот на водењето на изборна кампања дозволен е приговор. Истиот го испитува Државната комисија за спречување на корупција на јавна седница (на која може да присуствува подносителот на приговорот) и е должна да одлучи во рок не подолг од пет дена од денот на поднесување на приговорот. Своите одлуки Државната комисија за спречување на корупција ги објавува на својата веб страна во рок од 24 часа. Против одлуката на комисијата, подносителот на приговорот може да поднесе тужба до Управен суд во рок од 24 часа од приемот на одлуката. Управниот суд е должен да одлучи во рок од 48 часа од приемот на тужбата. Слично, и при непочитување на одредбите за финансирање на изборната кампања, Државната комисија за спречување на корупција поднесениот приговор го доставува до лицето против кое е поднесен во рок од 24 часа од приемот на истиот. Против одлуката на комисијата дозволена е тужба до Управниот суд во рок од 24 часа од приемот на одлуката по која судот е должен да одлучи во рок од 48 часа по приемот на тужбата (член 74 став 3 и 4 од ИЗ).

**-Отфрлање на поднесените листи -** Државната изборна комисија има законско право да ги отфрли со решение ненавремените, односно нецелосните листи во кои подносителите не ги отстраниле пропустите и неправилностите веднаш, односно најдоцна во рок од 24 часа од доставувањето на листата. Против истото дозволена е тужба до Управниот суд во рок од 24 часа по приемот на решението. По приемот на тужбата Управниот суд одлучува во ист рок (член 141 од ИЗ);

**-Правосилност на одлуките на Управниот суд -** секогаш, освен во ситуации предвидени со закон, одлуките на Управниот суд се правосилни и против нив не е дозволена жалба или друг вид правна заштита (член 147 став 13 од ИЗ);

**-Постапка за заштита на избирачкото право на подносителите на листите** - законско право на подносителот на листа на кандидати е да може да поднесе приговор во рок од 48 часа по завршување на гласањето, односно објавувањето на привичните резултати. По приемот на приговорот, Државната изборна комисија во рок од 72 е должна да донесе одлука. Истата се доставува во електронско сандаче за прием на писмена, а се смета за доставена во рок од пет часа од доставувањето во електронското сандаче. Против одлуката подносителот на приговорот може да поднесе тужба до Управен суд во рок од 24 часа од приемот на решението. Подносителот ја заснова тужбата врз основа на основот и наводите истакнати во поднесениот приговор врз кој е донесена одлуката (член 148 став 5 и 6 од ИЗ).

**- Постапка за заштита на избирачкото право на избирачите -** Управниот суд има надлежност да постапи во случај на повреда на избирачкото право во постапката на спроведување на гласањето: секој избирач може да поднесе приговор до општинската изборна комисија во рок од 12 часа. Доколку избирачот се наоѓа во странство своето право на заштита може да го оствари со поднесување на приговор до Државната изборна комисија преку електронска пошта во рок од 24 часа лично или преку овластен претставник. Во рок од два часа по приемот на приговорот, првостепениот орган е должен да донесе одлука. Против истата може да се поднесе тужба до Управен суд во рок од 12 часа по нејзиниот прием, по што Управниот суд е должен да постапи во рок од два часа (член 149 став 4 и 6 од ИЗ).

Избирачот пак на кого му е повредено избирачкото право во секоја фаза од изборниот процес може да поднесе приговор директно до Државната изборна комисија или непосредно преку општинската изборна комисија во рок од 48 часа. Избирачот кој е во странство своето право на приговор може да го оствари во рок од 48 часа од денот на повредата по електронска или брза пошта со поднесување на приговорот до Државната изборна комисија. Предавањето на пратката се смета за време на поднесување на приговорот. Во рок од четири часа по приемот на приговорот, првостепениот орган е должен да донесе одлука. Против истата дозволена е тужба до Управен суд во рок од 48 часа по приемот (член 149 а од ИЗ);

**- Одлучување на Управниот суд -** поради запазување на начелото на непристрасно и стручно одлучување по тужбите за заштита на избирачкото право на подносителите на листите и избирачите, Управниот суд одлучува во совет од петмина судии избрани преку ждрепка. По тужбите се одлучува на јавна седница за која се информирани и овластените претставници по чии тужби се одлучува. Управниот суд е должен да ги почитува роковите предвидени со Изборниот законик, а по завршување на јавната расправа во рок од два часа е должен јавно да ја соопшти изреката на одлуката. Во рок од 24 часа пак од објавување на изреката, судот е обврзан одлуката да ја објави на својата веб страница. Објавените одлуки го содржат и начинот на гласање на секој судија поединечно. При постапувањето, Управниот суд може да ја потврди или преиначи одлуката. Сите одлуки по приговор и тужба се објавуваат на интернет страницата на Управниот суд, Државната изборна комисија, градската изборна комисија, општинската изборна комисија и на друг соодветен начин (член 150 од ИЗ);

**- Поништување на гласањето** - во случај кога Државната изборна комисија, по службена должност или по поднесен приговор, го поништи гласањето на одредено гласачко место (во определени случаи предвидени со Изборниот законик), донесува решение. Против истото, во рок од 24 часа од приемот, дозволена е тужба до

Управен суд која се поднесува преку Државната изборна комисија. Тужба може да поднесе секој подносител на листа кој има правен интерес. По приемот на истата, Управниот суд има обврска да постапи во рок од 48 часа (член 151 од ИЗ);

**-Казни и прекршочни одредби -** Управниот суд има надлежност да постапи и против конечната одлука на Државната изборна комисија, која на предлог на Државниот завод за ревизија, носи одлука за делумно губење на надоместокот на трошоците за изборна кампања, целосно губење на надоместокот на трошоците за изборна кампања или забрана на исплата на надоместокот на трошоците за изборна кампања (член 177 а став 7 од ИЗ);

**-Дополнителни листи -** Согласно Изборниот законик можно е определување на дополнителен рок за поднесување на листи на кандидати за членови на совет и листи на кандидати за градоначалник. По приемот општинската изборна комисија, односно изборната комисија на градот Скопје утврдува дали е поднесена во утврдениот дополнителен рок и дали е составена согласно одредбите на Изборниот законик. Доколку има неправилности, односно пропусти го повикува во рок од пет часа од приемот на листата овластениот претставник на подносителот да ги отстрани. Општинската изборна комисија, односно изборната комисија на градот Скопје ќе ги потврди листите со решение доколку утврди дека истите се составени согласно одредбите на Изборниот законик, поднесени се во утврдениот дополнителен рок, односно констатираните неправилности и пропусти подносителот на листата ги отстранил. Во спротивно, поднесената листа ќе ја отфрли со решение во рок од шест часа од приемот. Против истото дозволена е тужба до Управен суд преку Државната изборна комисија во рок од шест часа од приемот на решението. Во истиот рок Управниот суд е должен да донесе одлука (член 191 б од ИЗ).

## 3. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Намерата на авторот на трудот е да го симплифицира изборниот процес, избирачкото право, избирачкиот список, избирачките места и сето она што како паралелна појава се случува во текот на постапката на избори. За секој учесник во изборната постапка многу е значајно на еден непосреден и брз начин да се запознае со своите права бидејќи законските рокови се многу мали и ограничени на часови. Од тие причини сметаме дека овој труд, ќе претставува добар водич и ќе овозможи брз пристап на граѓаните во заштитата на нивното избирачко право пред Управниот суд.

## 4. ЗАКЛУЧОК

Од сето погоре споменато може да се заклучи дека избирачкото право претставува значаен сегмент во општественото живеење. Истото е уставно загарантирано, а неговото обезбедување е една од најважните надлежности на повеќе институции меѓу кои и на Управниот суд. Преку анализа на податоци од спроведени изборни постапки неспорно се заклучува дека правото на избирачите често пати се доведува во прашање заради што истите може да бараат негова заштита од Управниот суд. Оваа постапка за заштита на избирачкото право е секогаш итна, за што законодавецот предвидел кратки рокови за превземање на дејствија од страна на инволвираните субјекти. Секако, судовите се секогаш последниот стадиум каде се донесуваат одлуки со целосно почитување на законите и другите подзаконски акти, се со цел заштита на избирачкото право, но и секое друго право на граѓаните.

## РЕФЕРЕНЦИ

Бакиевски, А. (2012). *Управен спор*. Македонско научно друштво. Битола.

Гелевски, С. (2003). *Управно процесно право*. Скопје.

Давитковски, Б., & Павловска-Данева, А. (2006). *Новата управно-судска контрола над управата во РМ*. Зборник на трудови на Правниот факултет. Скопје.

Давитковски, Б., & Павловска-Данева, А. (2020). *Административно право-книга втора (процесно право)*. Увиверзитет „Св. Кирил и Методиј“. Правен факултет „Јустинијан Први“ - Скопје. Скопје.

Davitkovski, B., Pavlovska Daneva, A. & Bitrakov, K. (2019). *Overview of the new regulatory violations legal framework of the Republic of North Macedonia*. Pravni život broj 10. Tom II.

**Устав и законски прописи**

Устав („Службен весник на РМ“ бр. 52/1991 и Уставни амандмани I - XXXVI)

Закон за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2006, 62/2006, 35/2008, 150/2010, 83/2018 и 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/2019)

Закон за управни спорови (Службен весник на РСМ бр. 96/2019)

Изборен законик („Службен весник на РМ“ бр. 40/2006; 136/2008; 148/2008; 155/2008; 163/2008; 44/2011; 51/2011; 142/2012; 31/2013; 34/2013; 14/2014; 30/2014; 196/2015; 35/2016; 97/2016; 99/2016; 136/2016;

142/2016; 67/2017; 125/2017; 35/2018; 99/2018; 140/2018; 208/2018 и 27/2019 и „Службен весник на РСМ бр. 98/2019, 42/2020, 74/2021 и 215/2021)